Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 88/0306
30.04 2024 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21.03.2024 година, врз основа на примена жалба од лицето Александра Цветковска ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека жалбата за текстот насловен „Зошто Гордана Силјановска Давкова има три различни датуми на раѓање во три различни биографии„ објавен во поталот Бриф.мк, е неоснована.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 26.02.2024 година, лицето Александра Цветковска поднесе жалба за текстот со наслов „Зошто Гордана Силјановска Давкова има три различни датуми на раѓање во три различни биографии?“ објавен на 25.02.20254 година во порталот Бриф.мк (https://www.brif.mk/foto-zoshto-gordana-siljanovska-davkova-ima-tri-razlichni-datumi-na-ragane-vo-tri-razlichni-biografii/?fbclid=IwAR0UcdiRUTDg1t-3BhWKa9mQ6KlKP0UkUCHmSfbsQ6firaDrs58LPZoGm-c).

Во жалбата се наведува дека во текстот има прекршувања по следниве основи: „**Неточно и нефер известување, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето**“.

Според жалителката порталот Бриф објавил текст, кој е полн со прашања за датумот на раѓање на Гордана Силјановска Давкова, потенцијална претседателска кадидатка. Во жалбата се наведува дека „**Истата сторија се користи од партиски активисти заради сензационалистичкиот наслов со обвинување на г. Давкова дека лаже, а самата таа не е администратор на тие три веб страници.**“

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Бриф“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителката.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА бидејќи не е прекршен ниту еден член од кодексот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 март 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата со мнозинство одлучи дека нема прекршување на ниту еден член од Кодексот на новинарите. Текстот се однесува на јавна личност од висок ранг и изнесените детали се интересни за јавноста, без разлика што нема исклучителен јавен интерес.

Темата е легитимна, а медиумот ги приложува разликите околу годината на раѓање на Силјановска Давкова, објавени во веб-страниците на Собранието, Советот на Европа и Македонската енциклопедија. Во овој текст се приложени докази од веб-страниците, во кои јасно се гледа дека постојат различни датуми на раѓање на Силјановска Давкова и тоа е претставено коректно во тексуалниот дел, но и во визуелна смисла. Комисијата оцени и дека нема основа за сензационализам, бидејќи доказите не се претставени на дискредитирачки начин пред јавноста.

Комисијата за жалби при СЕММ укажува дека во периодот до вториот круг од претседателските и парламентарните избори медиумите треба да бидат внимателни и да ги проверуваат фактите што е можно повеќе од повеќе извори, за да не се остави сомнеж околу точноста и вистинитоста на објавените информации, а со тоа и на кредибилноста на медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595